## ВОВЕД

*„Го поминав речиси целиот свој живот борејќи се со тероризмот. Се соочив со смртта во повеќе ситуации. Без разлика на тоа кој е крајниот исход, стравот од смртта е многу реална емоција. Многу често во тие мигови се чини дека нема излез и нема што да се направи. Токму тогаш стравот, всушнот, нема никакво значење. Прашајте кој било војник кој учествувал во вистинска борба, кој било полицаец или пожарникар кој преживеал од сигурна смрт - тие ќе ви кажат.* ***Понекогаш едноставно мораш да неправиш нешто за да опстанеш. Стравот има свои граници; на точката на смртта тој престанува да постои.“***

**Бери Дејвис, воен и разузнавачки експерт,**
**САС ветеран и истражувач на тероризмот**
**и борбата против него**

Овој труд, кој освен со теоретските аспекти, ќе се занимава и со конкретна анализа на тактичко-методските аспекти на дејствувањето на антитерористичките единици во борбата против тероризмот го започнувам токму со изјавата и размислувањето на еден директен контрибутер во борбата против тероризмот. Неспорен е придонесот на теоретските проучувачи на феноменот наречен тероризам, неспорен е придонесот на политичарите, правниците и креаторите на стратегиите и доктрините за борба и елиминирање на оваа застрашувачка безбедносна закана, но сепак најголемата жртва и придонес во борбата со тероризмот ја даваат токму оперативците, директните борци кои се соочуваат со терористите на теренот, луѓето кои се обучени директно да се соочат со апокалиптичната стратегија на современиот тероризам.

Светот денеска сè повеќе станува средина во која незапирливо се развиваат нови видови насилство, кризи и тероризам. Веднаш до организираниот криминал, меѓународниот тероризам се вброи во приоритетните безбедносни закани. Терористичките напади не ги одминаа ни државите како САД, а сè повеќе се присутни и на европскиот континент.

Според најцрните предвидувања можно е целокупниот светски простор да прерасне во глобално војувалиште на кое постојано ќе тлее новата видоизменета војна.

Тероризмот и организираниот криминал се здобија со епитетот - глобална опасност. Тие, како такви создадоа и нови механизми на дејствување и поврзаност во 21 век. Терористичкиот напад на Светскиот трговски центар во Њујорк од 11 септември 2001 година, аналитичарите го приложија како доказ дека зад главната глобална слика на светски мир се одвива сурова тајна светска војна со несогледиви трагични последици.

Сето тоа неминовно бара нови начини и методи за спротивставување на ваквиот вид нови безбедносни закани.

Секоја држава мора постојано да се доизградува и подготвува за спротивставување на сите видови безбедносни и друг вид закани кои може да го нарушат нејзиниот интегритет и суверенитет како држава, но кои исто така може да предизвикаат и чувство на колективна и индивидуална несигурност и страв кај секој еден поединец.

И Република Македонија како современа држава не е имуна на ваквиот вид безбедносни загрозувања. Затоа во интерес на нашата земја и нејзиниот интегритет, суверенитет и безбедност е да ги доизградуваме секојдневно нејзините механизми за справување со безбедносните закани од секаков вид, посебно фокусирајќи се на борбата за справување со тероризмот како еден од најгорливите безбедносни проблеми на денешницата и доизградување на тактичко-методските принципи за директно соочување и елиминирање на ваквите видови безбедносни закани.

Изминатите педесет и повеќе години покажаа дека третманот на тероризмот во светски рамки е сè позначаен. Веќе е извесно дека тероризмот се стреми целосно да ја замени конвенционалната војна. За разлика од повеќето класични воени закани, тероризмот е закана која може да погоди каде било и во кое било време, што значи дека и Република Македонија не е имуна од овој вид безбедносни закани.

Против оваа глобална безбедносна закана е поставен добро замислен бастион на светската слобода. Тоа се елитните специјални единици, а во нивни рамки, односно елита во елитата се токму специјалните антитерористички единици. Акциите на овие воини се најчесто покриени со превезот на врвна тајна, но сепак нивните акции, обука и организација, а најважно од сè, нивниот начин на дејствување, односно тактика и методика на настапувањето е сето она што ги прави посебни и што заслужува да биде предмет на обработка на овој труд.

Пред да започнеме со анализата на тактичко-методските принципи на дејствувањето на антитерористичките единици и пред да бидат разгледани

состојбите со организацијата, обуката, тактиката на дејствување на антитерористичките единици на Република Македонија и нивното учество во мисиите во странство во периодот од 1995 до 2005, неопходно е да се разгледаат и неколку други теми и подрачја што се во непосредна врска и корелативни односи со предметот на трудот. Во Првиот дел од овој труд ќе биде разгледан и изанализиран феноменот на тероризмот и начините за справување со него. За да се справиш со нешто, да најдеш средства, начини и методи за елиминирање на нешто, пред сè, најпрвин мора тоа нешто да го познаваш, да го дефинираш, проучиш и оквалификуваш. Не е можно да се создаде ефектен одговор на тероризмот без прецизни анализи на неговите извори. Затоа и се направени напорите да се прикаже генезата на тероризмот, неговата класификација, проблемите со неговото дефинирање, определување и законско врамување. Првата глава на овој дел од трудот, во општи рамки, ќе се занимава со феноменот на тероризмот. Втората глава од овој труд насловена како Справувањето со тероризмот како тематско подрачје ги разгледува обидите за санкционирање и справување со тероризмот и тоа со тероризмот сфатен како специфичен криминален акт, но и како безбедносна закана која се здобива и со карактеристики на нова видоизменета светска војна. Проблемот е како да се подведе современиот тероризам под јурисдикција на меѓународното право, кое сè уште, во најголема мерка се фокусира врз државите како на оригинерни субјекти и нивните меѓусебни односи, превидувајќи ја сложеноста на современиот тероризам како феномен од недржавни актери, а со тоа оневозможувајќи тој да се подведе на принципите и правилата на меѓународното право, што секако ќе имплицира промени во меѓународното право. Ќе бидат прикажани обидите за негово врамување во рамките на меѓународното право, ќе се разгледа легалноста на воените кампањи и употребата на воените сили, со цел да се изнајдат и прикажат и можните средства и начини со кои човештвото ќе се бори и справува со тероризмот.

Ќе бидат прикажани и напорите во креирањето на антитерористичка политика и во нејзини рамки адекватна современа безбедносно-одбранбена стратегија која ќе го третира тероризмот на соодветен начин. Накусо ќе биде претставена американската 4Д стратегија од времето на Буш и неговата војна со тероризмот, како стратегија која на доста агресивен начин се обидува да се справува со современиот тероризам и со државите кои го поддржуваат, како и најновата стратегија на претседателот Барак Обама, која не го занемарува тероризмот како безбедносна закана, но на поинаков начин му пристапува на решавањето на проблемот. Ќе бидат

разгледани состојбите на ова поле во Република Македонија. Ќе се прикаже третманот на тероризмот во Стратегијата за одбрана на Република Македонија од 1998 година, но и насоките конципирани во најновата Стратегија за одбрана на Република Македонија. Ќе се посочи и на разузнавањето како на неодминлив дел од таа политика и стратегија. Разузнавањето има огромно значење за успешното водење антитерористичка борба. Способноста на државата да ја детектира, анализира и да дејствува против терористичката закана, најмногу зависи од разузнавачкиот апарат. Разузнавањето во сферата на контратероризмот претставува посебна дисциплина со своја посебна проблематика и специфика кои треба да се во чекор или чекор пред терористите. Ова секако бара постојана активност на овие служби за иновирање и развој. Фокусот на анализата на разузнавачката дејност во ова заглавие ќе биде на специјалното разузнавање, односно разузнавањето како дел од антитерористичките кампањи.

Третата глава од Првиот дел на трудот ќе се фокусира на специјалните единици како на еден неодминлив дел од правилно конципираната стратегија за борба со современиот тероризам. Ќе биде прикажана нивната генеза, организација, обука, опременост и вооружување. Посебно ќе се појаснат специјалните операции кои, всушност и се изведуваат единствено со специјалните единици и поконкретно противтерористичките операции. Во тие рамки ќе биде разгледана доктрината на специјалните единици.

Вториот дел на трудот конкретно е фокусиран на предметот на истражувањето и ги прикажува и анализира состојбите во врска со специјалните (антитерористичките) единици на Република Македонија. Првата глава на овој труд ќе нè запознае со специјалните единици на Република Македонија, од нивното формирање до денес. Детаљно ќе биде прикажана нивната организација, обука и опременост и сите реорганизации и трансформации.

Во Втората глава на Вториот дел од трудот ќе биде разгледана тактичката доктрина на овие единици. Целосно ќе бидат дефинирани и разгледани начинот на движење, борбените облици, техниките, методите и постапките со кои најчесто се служат овие единици.

Исто така, во овој дел како посебно заглавие ќе биде презентирано спроведеното истражување во врска со тактичко-методските аспекти на дејствувањето на овие единици на просторот на Република Македонија и во нивните мисии во странство за перидот од 1995 до 2005. Подобрувањето и правилната употреба од

секој аспект на сите борбени облици, техники, постапка, како и тактиката на употребата на тие борбени облици подетално ќе бидат разработени во делот кој се однесува на учеството на антитерористичките единици (тимови од Волците) во мисијата во Ирак од 2003 до 2005. Тоа што Волците го правеа на теренот во Ирак, претставува врв на обученоста, успешноста и ефективноста во изведување на операции во светски рамки и затоа и се прикажани целосно нивните тактичко-методски аспекти како пример за успешност кој треба да се следи. Податоците до кои е дојдено во овој дел од трудот и кои се вреднувани, анализирани и според кои е дојдено до определени сознанија се добиени по пат на методот на случај и анализа на содржина, како и компаративни анализи на написи во списанија и весници, анализа на содржината на правилата, прирачниците и упатствата за обука и употреба на специјалните единици. Голем дел од податоците се добиени по пат на разговори и длабинско интервју со раководен кадар од Полкот за специјални операции, од Министерството за одбрана, од МВР, како и од други компетентни личности..

Во посебно заглавие се прикажани законските промени кои се случуваа во Република Македонија во определената временска рамка, коишто придонесоа да се унапредат и решат состојбите кои имплицираа недоследности и пропусти во врска со употребата на воените единици во рамките на државата и учеството во мировни мисии.

На крајот од оваа глава, со синтеза на резултатите и сознанијата до кои ќе се дојде од разработката на предметот на трудот ќе бидат прикажани и можни модели на успешно изведени антитерористички сценарија во рамките на нашата држава кои ќе бидат реализирани од воените и од полициските единици. За прикажувањето на можниот модел за правилно изведување на антитерористичка акција од страна на воените и на полициските антитерористички единици е користен методот на сценарио.

На крајот од трудот, по однос на секое заглавие од овој труд ќе бидат изведени соодветни заклучоци и препораки. Во заклучниот дел од оваа докторска дисертација ќе бидат посочени слабостите и пропустите во дејствувањето на антитерористичките единици и етапното подобрување на методиката и тактиката на нивното дејствување.